M-НАВ

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 1101-709/6
23.04 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

МНВ-520/05

# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

*AMC1 ATM/ANS.OR.B.005(a)(2)*

М-НАВ А.Д.-Скопје низ долгогодишното искуство остварува преопознатлив углед на квалитетна и професионална организација во областа на давање на услуги во воздухопловната навигација, со цел да се одржи на самиот врв во однос на безбедноста и квалитетот на услугите што ги обезбедува, истовремено грижејќи се за задоволството на корисниците, препознавајќи ги интересите на своите вработени, сопственикот и локалната заедница, со постојана грижа за животната средина, имајќи ги предвид следните принципи:

- Сите сегменти во работењето на М-НАВ А.Д.-Скопје, сите фази на работните процеси и секоја работна позиција, се обезбедуваат почитувајќи ги принципите на системот за управување со квалитет;
- Минималното ниво на квалитет е исполнување на барањата на стандардот ISO 9001;
- Високо ниво на квалитет се постигнува со континуирано контролирање на сите деловни операции и спроведување на корективни и превентивни активности, вклучувајќи континуирана обука на вработените и користење на најсовремени технологии;
- Посебен акцент е ставен на управувањето со човечките ресурси и системот за стручна обука на М-НАВ А.Д.-Скопје е усогласен со меѓународните и националните стандарди;
- Квалитетот на нашите услуги е загарантиран преку интегриран систем, кој периодично се преиспитува од страна на Управниот одбор и истиот е опишан во Прирачникот на системот за управување и неговите придружни документи;
- Целосно сме посветени на исполнување на барањата на нашите корисници и континуирано подобрување на ефикасноста на нашиот систем за управување со квалитет;
- Поставените цели ќе бидат постигнати од страна на нашите мотивирани и квалификувани експерти, следејќи го искуството на европските и глобалните даватели на услуги на воздухопловната навигација и обезбедувајќи услуги со цел задоволување на барањата на нашите корисници и деловни партнери.

Секоја работна позиција создава и имплементира квалитет и секој вработен треба да учествува во постигнување и континуирано подобрување на квалитетот.

Скопје, април 2024 година

УО на М-НАВ А.Д.-Скопје
м.п. Këshilli Drejtues i M-NAV Sh.A. Shkup

Милан Кораќ, Претседател
Hekuran Asani, член
d-r Hasim Deari, член